**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-290/9**
**06.09.2024год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.32/20 и 111/23) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

## С О О П Ш Т Е Н И Е  З А  Ј А В Е Н  П О В И К

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10), општина Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

### Јавна презентација и јавна анкета за Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10), општина Гевгелија

Планскиот опфат на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10), општина Гевгелија е ограничен

- на **север** границата започнува од најсеверната точка и се движи во западен правец по оска на собирна улица "Новопланирана 1" (планиран профил на собирна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Гевгелија, Измени и дополнување, 2011-2021г за Блок 15, Општина Гевгелија, за плански период 2020-2021г);
- на **северозапад** се движи во јужен правец по јужната граница на постојниот канал се до најзападна точка.
- на **југ** границата започнува од најјужната точка, се движи во југоисточен правец по оска на сервисна улица "СЕ-6", (планиран профил на сервисна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Гевгелија, Измени и дополнување, 2011-2021г за Блок 15, Општина Гевгелија, за плански период 2020-2021 год), сè до најисточна точка;
- на **исток** границата започнува од најисточна точка, се движи во северен правец по оска на сервисна улица "СЕ-2", (планиран профил на сервисна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Гевгелија, Измени и дополнување, 2011-2021г за Блок 15, Општина Гевгелија, за плански период 2020-2021 год), сè до почетната точка.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **16.508 м2**.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во малата сала на Народниот театар во Гевгелија на ден 25.09.2024 година (среда) со почеток во 11.00 часот.**

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

Деталниот урбанистички план ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Гевгелија и на веб страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае 30 дена и тоа од **25.09.2024г. до 25.10.2024г.**

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk